РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВОЗАКУЛТУРА
Бр. УП1 28-194 /2021
03.02.2022 год.
Скопје

Архивски знак:___
Рок на чување:___ год.
___20___ год.
Потпис,

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

Република Северна Македонија-Национална установа
СПОМЕН КУЌА НА ТОДОР ПРОЕСКИ Крушево
ПРИМЕНО: 09 02 2022
Орг. ед. Број Прилог Вредн.
02 - 28/1

# РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2022 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево** за 2022 доставена до Министерството за култура под бр. УП1 28-194 од 1.7.2021 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- од областа на **музејската дејност и заштита на нематеријално културно наследство**:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | „Спомен куќата на Тоше - чувар на спомените, животот и делото на најголемата македонска поп икона | 100,000 ден. |

- од **областа на музичката и музичко-сценската дејност**:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | 30 години од првиот настап на Тоше на Златно Славејче со песната „Мојот дедо "испеана на влашки јазик | 139.000 ден. |
| 1.2. | Ангел си ти"-Одбележување на 41 ви роденден на Тоше | 90.000 ден. |

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево** за 2022 доставена до Министерството за култура под бр. УП1 28-194 од 1.7.2021 година од областа на

- **музејската дејност и заштита на нематеријално културно наследство**:

2.1 Тоше засекогаш

2.2 Да не го заборавиме споменот за Тоше-Караван за незаборав

- **меѓународна дејност**:

2.1 Одбележување на 15 годишнината од избор за песна на годината „Вежи ме за себе" - избрана од слушателите на радио Хрватска во Загреб и во Нова Градишка, Хрватска

2.2 Промоција на ликот и делото на Тоше Проески преку концептот од албумот Божилак во Кампулунг, Романија

**- музичката и музичко-сценската дејност:**

2.1. Музичка работилница-Делата на Тоше со кларинет и кавал

**- инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

2.1. Набавка на опрема за надзор и друга техника во спомен куќата на Тодор Проески

2.2. Санирање на „базените" во спомен куќата на Тодор Проески

СЕ ОДБИВААТ.

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2022 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 14.06.2021 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт годишна програма за 2022 година.

**Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево**, со допис бр. УП1 28-194 од 1.7.2021 година до Министерството за култура достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2022 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за **музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство** до министерот за култура достави Извештај бр. 31-11888/13 од 10.11.2021

година и Извештај бр. 31-295/1 од 10.01.2022 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2022 година.

Комисијата за **од музичката и музичко-сценската дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 20 – 12251/18 од 30.12.2021 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2022 година.

Комисијата за **музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство** до министерот за култура достави Извештај бр. 31-11888/13 од 10.11.2021 година Извештај бр. 31-295/1 од 10.01.2022 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

Комисијата констатираше дека проектите не се усогласени со бараните приоритети на Конкурсот, немаат адекватно и издржано објаснување, без јасна цел во делот за оценка на квалитет на содржината и образложеност на проектот, како и проекти во кои не можеше да се препознае интересот на националната култура и проекти со не реален и неиздржан буџет, односно недоволно образложение на буџетот на проектот и негова оправданост и реалност.

Комисијата за **меѓународна дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 33-12274/18 од 20.12.2021 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:.

- Проектот „Одбележување на 15 годишнината од избор за песна на годината „Вежи ме за себе" - избрана од слушателите на радио Хрватска во Загреб и во Нова Градишка, Хрватска" се одбива поради некомплетна документација (недостасува покана или преписка со странскиот партнер)
- Проектот „Промоција на ликот и делото на Тоше Проески преку концептот од албумот Божилак во Кампулунг, Романија" се одбива бидејќи активностите наведени во пријавата не соодветствуваат со првично планираниот концепт за промоција на ликот и делото на Тоше Проески.

Комисијата за **музичката и музичко-сценската дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 20 – 12251/18 од 30.12.2021 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбие од следниве причини:.

- Музичка работилница-Делата на Тоше со кларинет и кавал – врз основа на објавени критериуми.

Комисијата за **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за 2022** година до министерот за култура достави Извештај бр. 50-349/11 од 11.01.2022 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на **Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески - Крушево** предложи проектите од точката 2 на ова решение:

= Набавка на опрема за надзор и друга техника во спомен куќата на Тодор Проески

= Санирање на „базените" во спомен куќата на Тодор Проески

се одбива бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

МИНИСТЕР

**Бисера Костадиновска-Стојчевска**

Доставено до:
-Националната установа
- архивата на Министерството за култура

Подготви Ибуш Абази, советник
Одобри:Елена Павлова, раководител на одделение
Одобри: Afed Jashari,, помошник-раководител на Сектор
Согласен: Оливера Ливриниќ, раководител на Сектор

Подготви: Мандика Нича, виш соработник
Одобри: Хајрие Сопи, помошник раководител на Сектор
Согласен: Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви: Весна Камчева, соработник
Одобри: Гордана Ивановска Велковска, раководител на одделение
Согласен: Ирина Димовска, државен советник

Подготви: Агон Салахи, надворешен соработник
Одобри: Владимир Попоски, раководител на Сектор
/мнд